Врз основа на член 19 од Законот за државното правобранителство („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/2007 и 104/2015), а во врска со Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.3/2008 и 215/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2019 и 187/2022), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 27 декември 2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за распишување Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Прилеп**

1. Се огласува именување на еден државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Прилеп.

2. За државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Прилеп може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови: да е државјанин на Република Северна Македонија, да е дипломиран правник со работно искуство на правни работи најмалку пет години по положен правосуден испит и да ужива углед за вршење на функцијата.

3. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во член 20 од Законот за државното правобранителство пријавата со потребните документи во оригинал или копија заверена на нотар, да ги поднесат до архивата на Владата на Република Северна Македонија или по пошта на адреса: Влада на Република Северна Македонија Бул.„Илинден“ бр.2, 1000 Скопје со назнака: „За Оглас за именување државен правобранител во Државното правобранителство на Република Северна Македонија за подрачјето на Прилеп“, во рок од 15 дена од денот на објавувањето на огласот во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха “.

4. Оваа одлука ќе се објави во: „Службен весник на Република Северна Македонија“ и во дневните весници „Слободен печат“, „Нова Македонија“ и „Коха “.

**Број 14- 11955/1**
**27 декември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**